**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 13.11.2019
Орг. единица Njësia org. 10 | Број Numër 4962 | Прилог Shtojcë 1 | Вредност Vlerë

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ

3. **Период опфатен со надзорот:** 9, 10 и 11 октомври 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 13 ноември 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
   (Радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

6. **Претходно изречена мерка:**
   *На 21 август 2019 година, за непочитување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за преземање мерка – јавна опомена (Уп1 бр. 03-365 од 21.08.2019 година) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ.*
   *Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 15 дена од денот на приемот на решението (22.08.2019г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**
   Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, емитуван на 9, 10 и 11 октомври 2019 година, на регионално ниво, **констатирано е дека не**

постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена, односно не ја отстранил извршената повреда на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

Со надзорот е констатирано дека на 9, 10 и 11 октомври 2019 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, во текот на емисијата за земјоделство „АгроИнфо" прикажа странски прилог во кој се објаснува процесот на производство на пиперки (бабури) во оранжерии, титлуван на англиски јазик, без да обезбеди превод на македонски јазик.

**9 октомври 2019 година**

| Наслов | Период на емитување | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| "АгроИнфо" | 16:45:58 | 16:51:29 | Во текот на емисијата за земјоделство „АгроИнфо" прикажан е странски прилог во кој се објаснува процесот на производство на пиперки (бабури) во оранжерии, титлуван изворно на англиски јазик, без да обезбеди превод на македонски јазик. |
| "АгроИнфо" | 20:40:14 | 20:45:45 | |

**10 октомври 2019 година**

| Наслов | Период на емитување | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| "АгроИнфо" | 02:27:36 | 02:33:07 | Во текот на емисијата за земјоделство „АгроИнфо" прикажан е странски прилог во кој се објаснува процесот на производство на пиперки (бабури) во оранжерии, титлуван изворно на англиски јазик, без да обезбеди превод на македонски јазик. |

**11 октомври 2019 година**

| Наслов | Период на емитување | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| "АгроИнфо" | 03:10:58 | 03:16:29 | Во текот на емисијата за земјоделство „АгроИнфо" прикажан е странски прилог во кој се објаснува процесот на производство на пиперки (бабури) во оранжерии, титлуван изворно на англиски јазик, без да обезбеди превод на македонски јазик. |

**8. Опис на прекршувањето:**

Спротивно на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, на 9, 10 и 11 октомври 2019 година, во текот на емисијата за земјоделство „АгроИнфо" прикажа странски прилог во кој се објаснува процесот на производство на пиперки (бабури) во оранжерии, титлуван на англиски јазик, без да обезбеди превод на македонски јазик.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 21.08.2019 година, Трговското радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ продолжи со вршење на повредата од **член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

Оттаму:

- Во согласност со член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата да поднесе предлог за поведување прекршочна постапка.

***Сектор за програмски работи***